Друштво за производство, трговија и услуги
БРАКО ДОО увоз-извоз
Бр. 03-114
22.05-20 20 год.
Велес

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 23-3480/29
22.05. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# Д О Г О В О Р

**за набавка на стоки - Немедицинска опрема за потребите за доопремување на модуларната монтажна болница заради формирање на Регионален Ковид центар во непосредна близина на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби**

Склучен во Скопје, помеѓу:

1. **Министерство за здравство**, со седиште на ул. Водњанска бб Скопје, со ЕМБС 4219759 и ЕДБ 4030990253804, застапувано од Министерот за здравство Доц.др Венко Филипче (во понатамошниот текст: **Договорен орган**) од една страна, и

2.**ДПТУ БРАКО ДОО,** со седиште на ул. Раштански пат бр. 2, 1400 Велес, со ЕДБ МК 4004003114759 и ЕМБС5789885, претставуван од Управител Благој Шалев (во понатамошниот текст: **Носител на набавката**) од друга страна.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е регулирање на правата и обврските помеѓу договорните страни во врска со набавка на стоки - Немедицинска опрема за потребите за доопремување на модуларната монтажна болница заради формирање на Регионален Ковид центар во непосредна близина на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби објавена со постапка со преговарање без објавување на оглас од причини од крајна итност - член 55 став (6),согласно дел 1 од техничка спецификација и листа на единечни цени дадена во прилог:

| **Ред. бр.** | **ОПИС** | **Един. мера** | **Кол.** | **Единечна цена во МКД** | **Производител** |
|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **ДЕЛ 1: Набавка, транспорт и монтажа на професионална не-медицинска опрема** | | | | |
| 1 | **Параван со исполна од поликарбонатни повеќеслојни плочи - лексан плочи**<br>- димензии (+/- 5%): должина 80 см; ширина 40 см; висина 200 см;<br>- материјал: конструкција од челични профили електростатски боени со исполна од поликарбонатни повеќеслојни плочи<br>- со 4 тркалца од кои минимум две со кочница<br>- лесен за чистење и отпорен на средства за дезинфекција | парче | 8 | 6.330,00 | Брако |

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | **Еднокрилен медицински орман за чување на медициннски прибор и терапија.**<br>-димензии (+/- 5%): должина 40 см; ширина 40 см; висина 180 см;<br>-материјал: електростатски боен челичен лим<br>-горен дел: застаклен со врата од темперирано стакло,со 4-5 внатрешни полици од стакло д= 6мм. со можност на регулација на висината<br>-долен дел: со фиоки<br>-со брави за заклучување со клуч<br>-со ногарки (+/- 5%) 10-15 см висина со заштитна гума за контакт со подот<br>-лесен за чистење и отпорен на средства за дезинфекција | парче | 2 | 11.740,00 | Брако |
| 3 | **Комода за чување на медицински прибор**<br>-димензии (+/- 5%): должина 80 см; ширина 40 см; висина 75 см;<br>-материјал: електростатски боен челичен лим<br>-со ногарки (+/- 5%) 10-15 см висина со заштитна гума за контакт со подот | парче | 3 | 7.775,00 | Брако |
| 4 | **Наткасна во болничка соба**<br>- димензии (+/- 5%): должина 40 см, ширина 40 см, висина 80см,<br>- корпус изработен од оплеменета иверица.<br>- горна површина во форма на масичка изработена од оплеменета иверица.<br>- со минимум една фиока изработена од оплеменета иверица<br>- врата на долен дел од двострано оплеменета иверица<br>- со четири тркалца, од кои 2 со кочница.<br>-лесен за чистење и отпорен на средства за дезинфекција | парче | 60 | 2.650,00 | Брако |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | **Работен прегледен стол (вртлив)**<br>- димензии (+/- 5%): Ф 45см<br>- конструкција од метал (хромиран челик) без тркалца<br>- тапацир од еко кожа или полиестер лесен за чистење, издржлив и отпорен на кинење | парче | 8 | 3.150,00 | Брако |
| 6 | **Работен прегледен стол (вртлив)**<br>димензии (+/- 5%): Ф 45см<br>- конструкција од метал (хромиран челик) со тркалца<br>- тапацир од еко кожа или полиестер лесен за чистење, издржлив и отпорен на кинење | парче | 4 | 3.500,00 | Брако |
| 7 | **Сталак за инфузија**<br>-од INOX или електростатски боен челик<br>-долен дел со основа со тркалца со можност за ротација<br>-опција за висинско подесување<br>-со минимум 2 закачалки<br>-носивост секоја закачалка од 1,2 - 2 кг. | парче | 40 | 3.230,00 | Брако |
| 8 | **Помошна маса во болничка соба (за исхрана)**<br>-димензии (+/- 5%): ширина 60см, должина 35 см и висина 70 см<br>-опција за подесување на висината | парче | 20 | 3.800,00 | Брако |
| 9 | **Двокрилен медицински ормар**<br>-димензии (+/- 5%): должина 80 см; ширина 40 см; висина 180 см;<br>-ногари со висина од (+/- 5%) 10 см<br>-корпус оплеменета иверица<br>-фронт -двострано оплеменета иверица<br>-ормарот да биде организиран со полици од корпус иверка со можност за подесување по висина<br>-со брави за заклучување<br>-со можност за лесно одржување и дезинфицирање | парче | 2 | 7.600.00 | Брако |

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 10 | **Работна маса**<br>-димензии (+/- 5%): должина 80 см; ширина 80 см; висина 75 см;<br>-горна плоча од пластифициран МДФ или иверица.<br>-ногарки од електростатски боен алуминиум или INOX | парче | 2 | 6.100,00 | Брако |
| 11 | **Транспортен кревет-стречер**<br>-димензии (+/- 5%):должина од 200 см; ширина од 75 см; висина од 100 см;<br>- со 2 секции<br>- 4 тркалца, гумени, од кои 2 со кочница<br>- двострана ограда<br>- душек/тапацир, материјал лесен за чистење и отпорен на употреба на стандардни хемикалии<br>- носива конструкција од хромирани или електростатски боени челични профили, отпорна на удари, гребење, оптимална за чистење и дезинфекција | парче | 2 | 19.850,00 | Брако |
| 12 | **Количка со полици**<br>-димензии (+/- 5%): должина 105 см; ширина 45 см; висина 80 см;<br>-пластифицирани полици.<br>-ногарки од електростатски боен алуминиум или INOX, на тркалца | парче | 2 | 9.400,00 | Брако |
| 13 | **Корпа (количка) за нечист веш**<br>-димензии (+/- 5%): ширина 45 см, должина 100 см и висина 100 см<br>-комбинација на рачна количка за вреќи<br>-конструкција за вреќи од влечени INOX профили со прстен со држачи за разни вреќи<br>-4 тркалца од кои две се со кочница | Парче | 4 | 8.200,00 | Брако |

Предметот на овој договор е по спроведена постапка за доделување на договор на стоки а во согласност со прифатена понуда на Носителот на набавката и во согласност со техничката спецификацијата и листата на единечни цени, кои се составен дел од овој Договор.

Деталeн опис на предметот на договорот е даден во техничката спецификација и листата на единечни цени.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вредноста на овој договор за дел 1 - Набавка, транспорт и монтажа на професионална не-медицинска опрема изнесува:

| РБ | Понудувач | Цена без ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | ДПТУ Брако ДОО | 619,545,00 |

Вкупната вредноста на овој договор за дел 1 од набавката без пресметан ДДВ изнесува **619,545,00 (шесто и деветнаесет илјади и петсто четириесет и пет)** денари.

На вредноста на овој договор не се пресметува ДДВ, бидејќи средствата се обезбедени од проект ослободен од ДДВ за што ќе биде приложена дополнителна документација.

Цената е постигната како резултат од добиена конечна понуда на ден 12.05.2020 година.

Плаќањето ќе биде извршено на жиро сметка на носителот на набавката депонент на НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ со број. 000210057898850188.

## НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 3**

Носителот на набавката е должен стоките од дел 1 да ги изврши најдоцна во рок од 15 календарски денови, а рокот за изведба тече од наредниот календарски ден од денот на склучување на договор и тоа во согласност со техничката спецификација.

Доколку Носителот на набаваката не го испорача стоките во дадениот рок и со тоа ја прекрши изјавата за сериозност на понудата, договорниот орган во ЕСЈН ќе објави негативна референца што резултира со исклучување на Носителот на набавката од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето.

Ако Договорниот орган има оправдано сомнение дека стоките нема да бидат испорачани во рокот, има право да побара од Носителот на набавката да превземе соодветни мерки и работи кои не се наведени во техничката спецификација.

Договорот за јавна набавка на стоки односно предметот на набавката се склучува на износ на проценетата вредност согласно член 2 од договорот на јавната набавка добиена по конечно поднесување на понуда.

Цените се задолжителни и не може да се менуваат во периодот на важност на овој Договор.

**Член 4**

Договорот се смета за реализиран со испорака на стоките предвидени во техничката спецификација.

## НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да пристапи кон испорака на стоките. Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го извршува стручно, професионално и навремено, во согласност со потребите.

Во случај на неквалитетна и несоодветна испорака на стоките, Договорниот орган има право со претходно писмено известување да го раскине договорот.

Начин на плаќање е по уредно доставена одобрена фактура со прилог на уредно пополнет и потпишана записник за примопредавање во рок кој не може да биде пократок од законски определениот рок за плаќање фактури односно 30 (триесет) дена.

Фактурата и записникот за примопредавање се доставува до Архивата на Договорниот орган.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

**Член 6**

Носителот на набавката е должен да го извршува предметот на договорот, согласно техничката спецификација со листа на единечни цени за секој дел утврден во членот 1, како и согласно начинот и рокот согласно јавната набавка и согласно укажувањата од договорниот орган доколку ги има.

**Член 7**

Како релевантен доказ за испорачаните стоки е уредно доставен записник за примопредавање и истиот треба да биде пополнет во два примероци и потпишан од овластените лица на двете договорни страни.

**Член 8**

Договорниот орган е должен плаќањето за испорачаниот предмет на овој договор да го изврши согласно начинот и рокот утврдени во член 5 од договорот.

**Член 9**

Договорниот орган има право да му укаже на Носителот на набавката доколку има забелешки на начинот на извршување на предмет на договорот, а Носителот на набавката е должен веднаш на лице место да постапи по истите, без право на посебен надоместок.

**КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА**

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да ги испорача стоките кои се предмет на набавката квалитетно и навремено без одлагање, согласно барањата на договорниот орган.

Носителот на набавката е потребно да назначи раководител на проектот односно техничко лице кој ќе биде достапен на Договорниот орган.

**Член 11**

Во текот на испораката, од страна на овалстените лица определен од Договорниот орган, се проверуваат карактеристиките и квалитетот на стоките, односно дали истите соодвествуваат со договорените карактеристики и квалитет утврдени со техничките спецификации и понудата на Носителот на набавката.

Договорниот орган има право, веднаш да го извести Носителот на набавката доколку постојат недостатоци при испораката.

**ПРИМОПРЕДАВАЊЕ**

**Член 12**

По завршувањето на испораката, договорните страни ќе состават Записник за примопредавање на стоките во кој се констатира дали истите се извршени согласно техничките спецификации. Записникот ќе биде потпишан од страна на овалстените лица за надзор од страна на Договорниот орган и техничкото лице назначено од страна на Носителот на набваката.

Доколку овалстените лица од Договорниот орган констатираат дека некои од стоките не се испорачани согласно техничките спецификации, Носителот на набавката ќе треба да ги замени на свој трошок, во спротивно ќе бидат активирани калузулите за издавање на негативна референца, договорна казна и надомест на штета.

**ОБЕШТЕТУВАЊЕ**

**Член 13**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор. Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.
Одговорноста на Носителот на набавката за штетат направена со намера или крајно невнимание не може да се исклучи.
Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неиполнување поради крајно невнимание, Договорниот орган има право да бара од Носителот на набавката надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што Носителот на набавката не знаел за посебните околности поради кои настанале тие.

**ВИША СИЛА**
**Член 14**

Договорниот орган и носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор коишто се предизвикани од виша сила.
Во случај на настапување на виша сила договорните страни ќе договорат нови услови за негово исполнување или ќе го раскинат договорот.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 15**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**
**Член 16**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на извршувањето на овој договор.

**ДОГОВОРНА КАЗНА**
**Член 17**

Договорниот орган има право на договорна казна во износ од 0,5% дневно, но не повеќе од 20% од вкупната вредност на договорот доколку Носителот на набавката доцни со исполнување на обврските или неуредно ги исполнува обрските од договорот, согласно роковите и условите утврдени во истиот.

Договорната казна ќе се пресметува од моментот на настанување на условите предвидени со ставот 1 на овој член за што Договорниот орган веднаш писмено ќе го извести Носителот на набавката.

Во случај на доцнење, Носителот на набавката се обврзува покрај договорната казна да ја надомести и штетата на Договорниот орган, настаната поради доцнење или неуредно исполнување.

Договорниот има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета. Ако штетата што ја претрпел Нарачателот е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 18**

За се што не е предвидено со овој договор важат позитивните законски норми.

**Член 19**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 20**

Можните измени настанати по потпишување на овој договор, договорните страни ќе ги договорат спогодбено и писмено ќе ги приклучат кон овој договор со анекси.

**Член 21**

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување.

**Член 22**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои 4 (четири) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| Министерство за здравство | ДПТУ БРАКО ДОО |
| Министер | Управител |
| Доц. Др. Венко Филипче | Благој Шалев |